**20240471256**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 24, а во врска со член 84 став (4) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 22 февруари 2024 година, донесе

# ПРАВИЛА ЗА ИЗЗЕМАЊЕ ОД ПРИМЕНАТА НА ОДДЕЛНИ ОБВРСКИ ОД МРЕЖНИТЕ ПРАВИЛА ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА[1*]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овие правила се уредува постапката, условите и критериумите под кои Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) го доделува правото за изземање од примената на одделни обврски од Мрежните правила за пренос на електрична енергија (во понатамошниот текст: Мрежни правила) односно исклучок од примената на правилата за приклучување утврдени во Прилог 3 - Барања за приклучување на производни единици и Прилог 4 - Барања за приклучување на потрошувачи, од Мрежните правила за пренос , а особено:

1. критериумите врз основа на кои се доделува изземање на примената на одделни обврски од Мрежните правила;
2. формата, содржината и начинот на доставување на барањето за изземање од примената на одделни обврски од Мрежните правила;
3. потребната документација којашто се доставува кон барањето од точка 2 од став (1) од овој член и
4. постапката и роковите за постапување по барањето од точка 2 од став (1) од овој член.

### Член 2

(1) При доделување на правото за изземање од примената на одделни обврски утврдени во Прилог 3 на Мрежните правила - Барања за приклучување на производни единици, Регулаторната комисија за енергетика ги зема предвид следните критериуми:

1. Дали отстапувањето од доследната примена на сите или на дел од одредбите од Мрежните правила кои што се однесуваат на приклучување на производни единици може да има негативно влијание на исправноста на погонската состојба и стабилноста на електроенергетскиот систем
2. Дали постојниот или идниот производител не би можел целосно или делумно да ги исполни барањата утврдени во Прилог 3 од Мрежните правила ако е соочен со оправдани технички или економски потешкотии во однос на:
   - видот на примарната енергија која што се користи во производната единица,
   - видот на синхрониот или асинхрониот генератор,
   - технолошкиот развој и можностите на производителите да се усогласат со одделни барања содржани во Мрежните правила.
3. Дали одобрувањето на отстапувањето предизвикува или може да предизвика дискриминаторно однесување на операторот на електропреносниот систем (во понатамошниот текст: ОЕПС) кон слични или исти производни единици, за идентични случаи за приклучување на електропреносната мрежа.

[1*] Со овие Правила се врши усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕУ) 2016/631 од 14 април 2016 година за воспоставување на Мрежни правила за условите за приклучување на производители на електрична енергија на мрежа и Регулативата на Комисијата (ЕУ) 2016/1388 од 17 август 2016 година за воспоставување на Мрежни правила за приклучување на потрошувачи

(2) При доделување на правото за изземање од примената на одделни обврски утврдени во Прилог 4 на Мрежните правила - Барања за приклучување на потрошувачи, Регулаторната комисија за енергетика ги зема предвид следните критериуми:

1. Дали отстапувањето од доследната примена на сите или на дел од одредбите од Прилог 4- Барања за приклучување на потрошувачи од Мрежните правила може да има негативно влијание на исправноста на погонската состојба и стабилноста на електроенергетскиот систем,

2. Дали одобрувањето на отстапувањето предизвикува или може да предизвика дискриминаторно однесување на ОЕПС кон слични или идентични постројки на потрошувачот или на дистрибутивниот систем, за идентични случаи на нивно приклучување на електропреносната мрежа.

Член 3

Регулаторната комисија за енергетика може да одлучи дека постројките за производство и потрошувачка на електрична енергија и електродистрибутивните системи приклучени на електропреносниот систем за кои е поднесено барање за доделување на право на изземање не треба да се усогласат со барањата од Мрежните правила од кои се бара изземање, од денот на поднесувањето на барањето за доделување на правото на изземање до донесување на решението на Регулаторната комисија за енергетика за доделување на правото на изземање.

## II. ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВО НА ИЗЗЕМАЊЕ

### II.1 Доставување на барање за доделување на право на изземање за производна единица

### Барање за доделување на право на изземање доставено од сопственик на производна единица

Член 4

(1) Постоен производител кој што е должен да се усогласи или иден производител може да побара доделување на право на изземање за одделни производни модули во нивните производни единици.

(2) Барањето од став (1) на овој член се доставува до ОЕПС и особено содржи:

1. Идентификација на постојниот или идниот сопственик на производната единица и лице за контакт;

2. Опис на производниот модул или модули за коишто се бара доделување на правото за изземање и вкупен инсталиран капацитет на производната единица;

3. Упатување на одредбите од Мрежните правила за коишто се бара доделување на правото на изземање,

4. Детално образложение придружено со релевантна документација и анализа на трошоците и придобивките изработена во согласност со членовите 9 и 10 од овие Правила;

5. Докази дека бараното доделување на правото на изземање нема да влијае негативно врз прекуграничната трговија со електрична енергија.

(3) Во рок од 15 дена од приемот на барањето од став (2) на овој член ОЕПС ќе го извести подносителот за целосноста и уредноста на барањето, а ако ОЕПС утврди дека барањето е нецелосно или неуредно ќе побара од подносителот на барањето во рок од 30 дена да ги достави потребните дополнителни информации.

(4) Ако подносителот на барањето не ги достави дополнителните побарани информации во рокот утврден во став (3) на овој член ќе се смета дека се откажал од барањето.

(5) ОЕПС прави проценка на барањето за доделување на правото за изземање имајќи ги предвид критериумите од член 2 на овие правила.

(6) Во рок од шест месеци од приемот на барањето од став (1) на овој член ОЕПС го доставува барањето и проценката од став (5) на овој член до Регулаторната комисија за енергетика.

(7) Барањето од став (6) на овој член ОЕПС го доставува на образец содржан во Прилог 1 кој што е составен дел на овие Правила

(8) Рокот од став (6) на овој член може да биде продолжен за дополнителни 30 дена ако ОЕПС побара дополнителни информации од подносителот на барањето од став (1) на овој член.

(9) Регулаторната комисија за енергетика донесува решение по барањето за доделување на право на иземање во рок од шест месеци од денот на приемот на барањето.

(10) Рокот од став (9) на овој член може да биде продолжен за три месеци ако Регулаторната комисија за енергетика побара дополнителни информации од подносителот на барањето од став (1) на овој член или од други засегнати страни, при што рокот од три месеци отпочнува да тече по приемот на целосните барани дополнителни информации.

(11) Ако подносителот на барањето од ставот (1) на овој член не ги достави дополнителните информации од став (10) на овој член во рок од два месеци по приемот на барањето од Регулаторната комисија за енергетика, ќе се смета дека се откажал од барањето, освен ако:

1. Регулаторната комисија за енергетика донесе решение за продолжување на рокот, или

2. Подносителот на барањето од ставот (1) на овој член со доставување на образложен поднесок ја извести Регулаторната комисија за енергетика дека барањето за доделување на правото на иземање е целосно.

(12) Регулаторната комисија за енергетика донесува образложено решение во однос на доставеното барање за доделување на правото на иземање, а ако со тоа решение се доделува правото на иземање, во решението го утврдува периодот на важењето на правото.

(13) Примерок од решението од став (12) на овој член Регулаторната комисија за енергетика доставува до подносителот на барањето и ОЕПС.

(14) Регулаторната комисија за енергетика може да го укине решението за доделување на правото на иземање поради промена на околностите и неприменливост на основите за донесување на решението, или по образложена препорака од Секретаријатот на енергетската заедница или од Одборот на регулаторите на енергетската заедница.

**Барање за доделување на право на иземање на**
**производна единица доставено од ОЕПС**

Член 5

(1) ОЕПС може да достави до Регулаторната комисија за енергетика барање за доделување на право на иземање за одделни производни модули или за група на производни модули приклучени или коишто треба да се приклучат на електропреносниот систем.

(2) Барањето од став (1) на овој член ОЕПС го доставува на образец содржан во Прилог 1 кој што е составен дел на овие Правила.

(3) Кон барањето од став (1) на овој член ОЕПС доставува:

1. Идентификација на ОЕПС и податоци за лице за контакт;

2. Опис на производниот модул или модули за коишто се бара доделување на правото за иземање и вкупен инсталиран капацитет и бројот на производните единици;

3. Упатување на обврската или обврските од Мрежните правила за коишто се бара доделување на правото на иземање и детален опис на бараното иземање;

4. Детално образложение на барањето и релевантна придружна документација;

5. Докази дека бараното доделување на правото на иземање нема да влијае негативно врз прекуграничната трговија со електрична енергија и

6. Анализа на трошоци и придобивки од бараното иземање изработена во согласност со членовите 9 и 10 од овие Правила.

(4) Регулаторната комисија за енергетика донесува решение во однос на доставеното барање во рок од шест месеци од денот на приемот на барањето.

(5) Рокот од став (4) на овој член може да биде продолжен за дополнителни три месеци ако Регулаторната комисија за енергетика побара од ОЕПС или од други засегнати страни дополнителни информации, при што дополнителниот рок отпочнува да тече наредниот ден од денот на приемот на целосните информации.

(6) Ако ОЕПС не ги достави дополнителните информации од став (5) на овој член во рок од два месеци по приемот на барањето од Регулаторната комисија за енергетика ќе се смета дека се откажал од барањето, освен ако:

1) Регулаторната комисија за енергетика донесе решение за продолжување на рокот, или

2) ОЕПС со доставување на образложен поднесок ја извести Регулаторната комисија за енергетика дека барањето за доделување на правото на изземање е целосно.

(7) Регулаторната комисија за енергетика донесува образложено решение во однос на доставеното барање за доделување на правото на изземање, а ако со тоа решение се доделува правото на изземање, во решението го утврдува периодот на важењето на правото.

(8) Примерок од решението од став (7) на овој член Регулаторната комисија за енергетика доставува до ОЕПС, како и до Секретаријатот на енергетската заедница и Одборот на регулаторите на енергетската заедница.

(9) Регулаторната комисија за енергетика може да го укине решението за доделување на правото на изземање поради промена на околностите или по образложена препорака од Секретаријатот на енергетската заедница или од Одборот на регулаторите на енергетската заедница.

## II.2 Доставување на барање за доделување на право на изземање на потрошувач

### Барање за доделување на право на изземање доставено од сопственик на потрошувач или ОЕДС

Член 6

(1) Постојните или идните сопственици на постројки за потрошувачка на енергија или постојните или идните ОЕДС или затворени системи за дистрибуција можат да доставаат барање за доделување на право на изземање од една или повеќе обврски утврдени во Мрежните правила за постројките или единиците за потрошувачка на електрична енергија приклучени на електропреносниот систем, како и за електродистрибутивните постројки или електродистрибутивните системи приклучени на електропреносниот систем.

(2) Барањето од став (1) на овој член се доставува до ОЕПС и особено содржи:

1. Идентификација на сопственикот на постројката за потрошувачка или идниот сопственик на постројката за потрошувачка или ОЕДС или затворени системи за дистрибуција, како и податоци за лицето за контакт;

2. Опис на постројката за потрошувачка приклучена на електропреносниот систем, или електродистрибутивните постројки или електродистрибутивните системи приклучени на електропреносниот систем за која што се бара доделување на правото на изземање;

3. Упатување на обврската или обврските од Мрежните правила за коишто се бара доделување на правото на изземање и детален опис на бараното изземање;

4. Детално образложение придружено со релевантна документација и анализа на трошоците и придобивките изработена согласно членовите 9 и 10 од овие Правила;

5. Докази дека бараното доделување на правото на изземање нема да влијае негативно врз прекуграничната трговија со електрична енергија.

(3) Во рок од 15 дена од приемот на барањето од став (2) на овој член ОЕПС ќе го извести подносителот за целосноста и уредноста на барањето, а ако ОЕПС утврди дека барањето е нецелосно или неуредно ќе побара од подносителот на барањето во рок од 30 дена да ги достави потребните дополнителни информации.

(4) Ако подносителот на барањето од став (1) на овој член не ги достави дополнителните побарани информации во рокот утврден во став (3) на овој член ќе се смета дека се откажал од барањето.

(5) ОЕПС врши проценка на барањето и анализата на трошоци и придобивки доставени согласно став (2) на овој член имајќи ги предвид критериумите од член 2 на овие правила.

(6) Во рок од шест месеци од приемот на барањето од став (2) на овој член ОЕПС го доставува барањето и проценката од став (5) на овој член до Регулаторната комисија за енергетика.

(7) Барањето од став (6) на овој член ОЕПС го доставува на образец содржан во Прилог 2 кој што е составен дел на овие Правила

(8) Рокот од став (6) на овој член може да биде продолжен за дополнителни 30 дена ако ОЕПС побара дополнителни информации од подносителот на барањето.

(9) Регулаторната комисија за енергетика донесува решение по барањето за доделување на право на изземање во рок од шест месеци од денот на приемот на барањето.

(10) Рокот од став (9) на овој член може да биде продолжен за три месеци ако Регулаторната комисија за енергетика побара дополнителни информации од подносителот на барањето од став (1) на овој член или од други засегнати страни, при што рокот од три месеци отпочнува да тече по приемот на целосните барани дополнителни информации.

(11) Ако подносителот на барањето од став (1) на овој член не ги достави дополнителните информации од став (10) на овој член во рок од два месеци по приемот на барањето од Регулаторната комисија за енергетика ќе се смета дека се откажал од барањето, освен ако:

1. Регулаторната комисија за енергетика донесе решение за продолжување на рокот, или

2. Подносителот на барањето од став (1) на овој член со доставување на образложен поднесок ја извести Регулаторната комисија за енергетика дека барањето за доделување на правото на изземање е целосно.

(12) Регулаторната комисија за енергетика донесува образложено решение во однос на доставеното барање за доделување на правото на изземање, а ако со тоа решение се доделува правото на изземање, во решението го утврдува периодот на важењето на правото.

(13) Примерок од решението од став (12) на овој член Регулаторната комисија за енергетика доставува до подносителот на барањето од став (1) на овој член и ОЕПС.

(14) Регулаторната комисија за енергетика може да го укине решението за доделување на правото на изземање поради промена на околностите или ако основите за донесувањето на решението престанале да бидат применливи, како и по образложена препорака Секретаријатот на енергетската заедница или од Одборот на регулаторите на енергетската заедница.

**Барање за доделување на право на изземање за потрошувач или ОЕДС доставено од ОЕПС**

Член 7

(1) ОЕПС може да достави до Регулаторната комисија за енергетика барање за доделување на право на изземање од обврските утврдени во Мрежните правила за постројките или едниците за потрошувачка на електрична енергија приклучени на електропреносниот систем, како и за електродистрибутивните постројки или електродистрибутивните системи приклучени на електропреносниот систем, кое што особено содржи:

1. Идентификација на сопственикот на постројката за потрошувачка, ОЕДС или затворен систем за дистрибуција како и податоци за лицето за контакт;

2. Опис на постројката за потрошувачка приклучена на електропреносниот систем, или електродистрибутивните постројки или електродистрибутивните системи приклучени на електропреносниот систем за која што се бара доделување на правото на изземање, како и вкупниот инсталиран капацитет и бројот на единиците за потрошувачка поврзани на преносната мрежа, бројот на дистрибутивни постројки поврзани на преносната мрежа;

3. Упатување на обврската или обврските од Мрежните правила за коишто се бара доделување на правото на изземање и детален опис на бараното изземање;

4. Детално образложение на барањето и релевантна придружна документација;

5. Докази дека бараното доделување на правото на изземање нема да влијае негативно врз прекуграничната трговија со електрична енергија и

6. Анализа на трошоци и придобивки од бараното изземање изработена согласно членовите 9 и 10 од овие Правила.

(2) Барањето од став (1) на овој член ОЕПС го доставува на образец содржан во Прилог 2 кој што е составен дел на овие Правила.

(3) Регулаторната комисија за енергетика донесува решение во однос на доставеното барање во рок од шест месеци од денот на приемот на барањето.

(4) Рокот од став (6) на овој член може да биде продолжен за дополнителни три месеци ако Регулаторната комисија за енергетика побара од ОЕПС или од други засегнати страни дополнителни информации, при што дополнителниот рок отпочнува да тече наредниот ден од денот на приемот на целосните информации.

(5) Ако ОЕПС не ги достави дополнителните информации од став (8) на овој член во рок од два месеци по приемот на барањето од Регулаторната комисија за енергетика ќе се смета дека се откажал од барањето, освен ако:

1) Регулаторната комисија за енергетика донесе решение за продолжување на рокот, или

2) ОЕПС со доставување на образложен поднесок ја извести Регулаторната комисија за енергетика дека барањето за доделување на правото на изземање е целосно.

(6) Регулаторната комисија за енергетика донесува образложено решение во однос на доставеното барање за доделување на правото на изземање, а ако со тоа решение се доделува правото на изземање, во решението го утврдува периодот на важењето на правото.

(7) Примерок од решението од став (6) на овој член Регулаторната комисија за енергетика доставува до ОЕПС, како и до Секретаријатот на енергетската заедница и Одборот на регулаторите на енергетската заедница.

(8) Регулаторната комисија за енергетика може да постави дополнителни барања во однос на изготвувањето на барањата за доделување на право на изземање доставени од ОЕПС, при што ќе го има предвид разграничувањето помеѓу електропреносниот и електродистрибутивниот систем како и консултациите со операторите на системите, сопствениците на постројките за потрошувачка и другите корисници на електропреносниот и електродистрибутивниот систем.

(9) Регулаторната комисија за енергетика може да го укине решението за доделување на правото на изземање поради промена на околностите или ако основите за донесување на решението престанале да бидат применливи, како и по образложена препорака од Секретаријатот на енергетската заедница или од Одборот на регулаторите на енергетската заедница.

**Прелиминарна анализа на трошоците и придобивките и анализа на трошоци и придобивки за примена на барањата за постојните корисници на електропреносниот систем**

Член 9

(1) Пред постојните корисници на електропреносниот систем од член 5 став (1) и член 7 став (1) од овој член да се усогласат со барањата од Мрежните правила, ОЕПС спроведува прелиминарна анализа на трошоците и придобивките во постапка уредена во член 4 од Мрежните правила.

(2) Постојните корисници ги обезбедуваат потребните податоци на ОЕПС за изработка на прелиминарната анализа и анализата на трошоците и придобивките во рокови утврдени во Мрежните правила.

(3) Пред постојните или идни корисници на електропреносниот систем од член 4 став (1) и член 6 став (1) од овој член да достават барање за доделување на право на изземање од една или повеќе обврски утврдени во Мрежните правила, изготвуваат прелиминарна анализа на трошоците и придобивките.

(4) ОЕПС соработува со постојните и идните корисници од ставот (3) на овој член при изготвувањето на прелиминарна анализа на трошоците и придобивките и им ги обезбедуваат побараните податоци во рок од 30 дена од денот на барањето.

**Општи начела за подготовка на анализа на трошоци и придобивки**

Член 10

(1) ОЕПС, постојните и новите производители, потрошувачки единици или ОДС изработуваат анализа на трошоци и придобивки врз основа на следните начела за пресметување:

- нето сегашна вредност,
- поврат на инвестицијата,
- стапка на поврат,
- времето потребно за достигнување на точката на рентабилност.

(2) Субјектите од став (1) ги квантифицираат социоекономските придобивки во смисла на подобрување на сигурноста во снабдувањето, при што особено ќе го вклучат:

- поврзаното намалување на веројатноста за неможност за снабдување во текот на работниот век на измената,
- можниот обем и времетраење на таквата неможност за снабдување,
- општествениот трошок по час од таквата неможност за снабдување.

(3) Субјектите од став (1) ги квантифицираат придобивките за пазарот на електрична енергија, прекуграничната трговија и интеграцијата од обновливи извори на енергија при што особено го опфаќаат:

- фреквентен одзив на активна моќност,
- резерви за балансирање,
- обезбедување на реактивна моќност,
- управување со загушувањата,
- мерки за заштита.

(4) ОЕПС ги квантифицира трошоците за примена на потребите правила на постојните корисници на електропреносната мрежа, при што особено опфаќа:

- директните трошоци за имплементација на одредени барања,
- трошоците поврзани со соодветните изгубени можности,
- трошоци поврзани со предизвиканата промена во одржување и управување.

**Евиденција за издадените решенија за доделување или одбивање на барањата за правото на изземање**

Член 11

(1) Регулаторната комисија за енергетика воспоставува и води електронска евиденција за издадените решенија со коишто се доделува или се одбива правото за изземање од одделни обврски од Мрежните правила.

(2) Евиденцијата од став (1) на овој член особено содржи:

1. Барања за коишто е доделено или одбиено правото на изземање,
2. Содржина на бараното изземање,
3. Причините поради коишто е доделено или одбиено правото на изземање и
4. Последиците од доделувањето на правото на изземање

(3) Регулаторната комисија за енергетика секои шест месеци, а по барање и почесто, доставува до Секретаријатот на енергетската заедница и до Одборот на регулаторите на енергетската заедница ажурирана консолидирана евиденција од ставот (1) на овој член.

**Завршна одредба**

Член 12

Овие правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Претседател,

**Марко Бислимоски,** с.р.

Бр. 01-306/1

22 февруари 2024 година

Скопје

**Прилог 1 - Барање за доделување на право на изземање за производни единици/модул во производна единици**

**1. Податоци за подносителот**

| | |
|---|---|
| назив | |
| седиште | |
| адреса | |
| Е маил | |
| Телефонски број | |
| Подносител на барањето [2] | |

**2. Лице за контакт во производителот**

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| функција | |
| Е маил | |
| Телефонски број | |

**3. Податоци за производната единица**

| | | |
|---|---|---|
| Назив | | |
| Вид на произведен модул | | |
| Примарна енергија | | |
| Локација | | |
| Инсталирана моќност (kW) | | |
| Број на производни единици | | |
| Напон на приклучок (kV) | | |
| Сертификат на производителот на опремата (да се заокружи) | Да | Не |
| Планиран животен век на модулот | | |
| Планирано отпочнување со работа | | |

[2] Ако барањето го поднесува ОЕПС согласно член 5, се наведуваат податоци за постоен или иден производител

| | |
|---|---|
| Одредби од мрежните правила за кои се бара иземањето | |
| Предлог за времетраење на иземањето | |

4. **Придружна документација**
**а) основна документација**

| **Документи** | **Доставено (Да / Не)** |
|---|---|
| Опис на производните модули за кои се бара иземањето | |
| Детален опис на бараното иземање | |
| Детално образложение со соодветна придружна документација и анализа на трошоците и придобивките | |
| Доказ дека бараното отстапување нема да има штетно влијание на прекуграничната трговија со електрична енергија | |

**б) останата документација**

| **Реден бр.** | **Назив на документот** |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

| **Место и датум на поднесување** | **Име презиме и потпис на одговорното лице** |
|---|---|
| | |

**Прилог 2 - Барање за доделување на право на изземање за сопственици на постројки за потрошувачка на енергија или ОЕДС**

## 1. Податоци за подносителот

| | |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| Адреса | |
| Е маил | |
| Телефонски број | |
| Подносител на барањето [3] | |

## 2. Лице за контакт во сопственикот на постројката за потрошувачка/ОЕДС

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| функција | |
| Е маил | |
| Телефонски број | |

## 3. Податоци за постројката/електродистрибутивниот систем

| | |
|---|---|
| Назив | |
| Локација | |
| Инсталирана моќност (kW) | |
| Напон на приклучок (kV) | |
| Планиран животен век | |
| Планирано отпочнување со работа | |
| Одредби од мрежните правила за кои се бара изземањето | |
| Предлог за времетраење на изземањето | |

[3] Ако барањето го поднесува ОЕПС согласно член 7, се наведуваат податоци за сопственикот на постројката за потрошувачка/ОЕДС

**4. Придружна документација**

**а) основна документација**

| **Документи** | **Доставено (Да / Не)** |
|---|---|
| Опис на постројката за потрошувачка приклучена на електропреносниот систем, или електродистрибутивните постројки или електродистрибутивните системи приклучени на електропреносниот систем за која што се бара доделување на правото на иземање | |
| Детален опис на бараното иземање | |
| Детално образложение со соодветна придружна документација и анализа на трошоците и придобивките | |
| Доказ дека бараното отстапување нема да има штетно влијание на прекуграничната трговија со електрична енергија | |

**б) останата документација**

| **Реден бр.** | **Назив на документот** |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

| **Место и датум на поднесување** | **Име презиме и потпис на одговорното лице** |
|---|---|
| | |